Врз основа на член 10 став (2) од Законот за проспекти и обврски за транспарентност за издавачите на хартии од вредност вредност („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 64/2024), а во врска со член 427 став (1) и член 438 алинеја 9) од Законот за финансиски инструменти („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 66/2024) Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 04.10.2024 година, утврди

## П Р А В И Л Н И К
## за формата и содржината на актот за издавање на хартии од вредност по видови на хартии од вредност

### Предмет на уредување
### Член 1

Со Правилникот за формата и содржината на актот за издавање на хартии од вредност по видови на хартии од вредност (во понатамошниот текст: Правилник) се пропишува формата и содржината на актот за издавање на хартии од вредност за следните видови на преносливи хартии од вредност: акции во друштва и други хартии од вредност кои се еквивалентни на акциите во друштвата, партнерства или други правни лица и потврди за хартии од вредност во врска со акции; обврзници или други форми на секјуритизиран долг, вклучувајќи потврди за хартии од вредност во однос на тие хартии од вредност; кои било други хартии од вредност кои даваат право на стекнување или продавање на преносливи хартии од вредност како последица на нивна конверзија или реализација на правата содржани во нив или кои се порамнуваат со пари повикувајќи се на преносливи хартии од вредност, валути, каматни стапки или приноси, стока или други индекси или мерни единици.

Në bazë të nenit 10 paragrafi (2) i Ligjit mbi Prospektin dhe Detyrimet për Transparencë të Emetuesve të Letrave me Vlerë (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” numër 64/2024), në lidhje me nenin 427 paragrafi (1) dhe nenit 438 nënparagrafi 9) i Ligjit të Instrumenteve Financiare (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 66/2024), Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut në seancën e mbajtur më datë 04.10..2024, vërtetoi

## RR E G U LL O R E
## për formën dhe përmbajtjen e aktit të emetimit të letrave me vlerë sipas llojeve të letrave me vlerë

### Lëndë e rregullimit
### Neni 1

Me Rregulloren për formën dhe përmbajtjen e aktit të emetimit të letrave me vlerë sipas llojeve të letrave me vlerë (në tekstin e mëtejmë: Rregullore) përcaktohet forma dhe përmbajtja e aktit të emetimit të letrave me vlerë për llojet vijuese të letrave me vlerë të transferueshme: aksione në shoqëri dhe letra me vlerë të tjera të cilat janë ekuivalente me aksionet e shoqërive, partneritete ose persona të tjerë juridik dhe vërtetime për letra me vlerë në lidhje me aksione; obligacione ose forma të tjera të borxhit të sekjuritizuar, përfshirë vërtetime për letra me vlerë në raport me letrat me vlerë në fjalë; cilatdo letra me vlerë të tjera të cilat japin të drejtën e blejrjes ose shitjes së letrave me vlerë të transferueshme si pasojë e konvertimit të tyre ose ushtrimit të të drejtave të përmbajtura në to ose, të cilat shlyhen me para, duke u thirrur në letra me vlerë të transferueshme, valuta, norma të interesit ose rendimente, mallra ose indekse të tjera ose njësi matëse.

**Видови хартии од вредност**
**Член 2**

Хартиите од вредност од член 1 на овој Правилник можат да бидат сопственички и должнички хартии од вредност, како што се дефинирани во Законот за проспекти.

**Акт за издавање на хартии од вредност**
**Член 3**

Акт за издавање на хартии од вредност е одлука која ја донесува надлежниот орган на издавачот во писмена форма или во електронска форма потпишана со квалификуван дигитален сертификат при секое издавање на хартии од вредност, на начин и постапка уредена со закон.

**Содржина на актот за издавање на хартии од вредност**
**Член 4**

(1) Одлуката за издавање на хартии од вредност се состои од два дела: воведен дел и главен дел.

(2) Воведниот дел на одлуката за издавање на хартии од вредност се искажува низ именување на одлуката и назначување на правниот основ за донесување на одлуката, надлежниот орган кој ја донесува и местото и времето на донесување. При именувањето, во насловот на одлуката треба да се наведе редоследот на емисијата на хартии од вредност која е предмет на одлуката (прва т.е. основачка, втора, трета, итн).

(3) Главниот дел на одлуката за издавање на хартии од вредност ги содржи елементите од член 5 и член 6 од овој Правилник и истиот има за цел да ги регулира правата и обврските на издавачот и купувачот на хартиите од вредност од емисијата на хартии од вредност која е предмет на одлуката.

**Lloje të letrave me vlerë**
**Neni 2**

Letrat me vlerë nga neni 1 i kësaj Rregulloreje mund të jenë letra pronësie me vlerë dhe të borxhit, siç janë përkufizuar në Ligjin për Prospektet.

**Akti i emetimit të letrave me vlerë**
**Neni 3**

Akti i emetimit të letrave me vlerë është vendim të cilin e sjell organi kompetent i emetuesit, në formë të shkruar ose në formë elektronike, nënshkruar me certifikatë të kualifikuar digjitale gjatë çdo emetimi të letrave me vlerë, në mënyrë dhe procedurë të regulluar me ligj.

**Përmbajtja e aktit të emetimit të letrave me vlerë**
**Neni 4**

(1) Vendimi për emetim të letrave me vlerë përbëhet nga dy pjesë: pjesa hyrëse dhe pjesa kryesore.

(2) Pjesa hyrëse e Vendimit për emetim të letrave me vlerë paraqitet përmes emërtimit të Vendimit dhe specifikimit të bazës juridike për sjellje të Vendimit, organi kompetent i cili e sjell dhe vendi dhe koha e sjelljes. Gjatë emërtimit, në titullin e Vendimit duhet të theksohet renditja e emetimit të letrave me vlerë që është lëndë e Vendimit (i pari, d.m.th. themelues, i dyti, i treti, etj.).

(3) Pjesa kryesore e Vendimit për emetim të letrave me vlerë i përmban elementet nga neni 5 dhe neni 6 i kësaj Rregulloreje dhe e njëjta ka për qëllim që t'i rregullojë të drejtat dhe detyrimet e emetuesit dhe blerësit të letrave me vlerë nga emetimi i letrave me vlerë që është lëndë e Vendimit.

(4) Одлуката за издавање на хартии од вредност ја потпишува овластеното лице кое го застапува органот кој ја донел истата и задолжително содржи печат на издавачот на хартии од вредност.

(5) Доколку одлуката за издавање хартии од вредност е во електронска форма потпишана со квалификуван дигитален сертификат, не е потребно да содржи печат на издавачот.

(6) Со донесување на одлуката за издавање на хартии од вредност, надлежниот орган на издавачот утврдува и рок во кој истата треба да се спроведе.

(4) Vendimin për emetim të letrave me vlerë e nënshkruan personi i autorizuar, i cili e përfaqëson organin që e ka sjellur të njëjtin dhe detyrimisht përmban vulë të emetuesit të letrave me vlerë.

(5) Përderisa Vendimi për emetim të letrave me vlerë është në formë elektronike, i nënshkruar me certifikatë të kualifikuar digjitale, nuk ka nevojë që të përmbajë vulë të emetuesit.

(6) Me sjelljen e Vendimit për emetim të letrave me vlerë, organi kompetent i emetuesit përcakton edhe afatin në të cilin i njëjti duhet të zbatohet.

## I. АКТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА СОПСТВЕНИЧКИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

**Содржина на актот за издавање на сопственички хартии од вредност**

**Член 5**

(1) Актот за издавање на сопственички хартии од вредност, покрај податоците од член 4 став 2 од овој Правилник ги содржи и следните податоци:

1. назив и седиште на издавачот, матичен број, правен облик;
2. начин на издавање на хартии од вредност (јавна или приватна понуда);
3. целта поради која се издаваат хартиите од вредност односно намената на средствата на емисијата;
4. количина, родот и класата на сопственичките хартии од вредност кои се издаваат;
5. номинална вредност на хартиите од вредност;
6. продажна цена на хартиите од вредност;
7. вкупна вредност на емисијата;
8. правата кои произлегуваат од сопственичките хартии од вредност;
9. опис на сите ограничувања на сопственичките хартии од вредност;

## I. AKTI I EMETIMIT TË LETRAVE PRONËSIE ME VLERË

**Përmbajtja e aktit të emetimit të letrave pronësie me vlerë**

**Neni 5**

(1) Akti i emetimit të letrave pronësie me vlerë, krahas të dhënave nga neni 4 paragrafi (2) i kësaj Rregulloreje, i përmban edhe të dhënat në vijim:

1. emërtimi dhe selia e emetuesit, numri amë, forma juridike;
2. mënyra e emetimit të letrave me vlerë (ofertë publike ose private);
3. qëllimi për të cilin emetohen letrat me vlerë, respektivisht qëllimi i mjeteve të emetimit;
4. sasia, lloji dhe klasa e letrave pronësie me vlerë të cilat emetohen;
5. vlera nominale e letrave me vlerë;
6. çmimi i shitjes i letrave me vlerë;
7. vlera totale e emetimit;
8. të drejtat që rrjedhin nga letrat pronësie me vlerë;
9. përshkrim i të gjitha kufizimeve të letrave pronësie me vlerë;

10. право на глас;
11. начин на исплата на дивиденда;
12. право на првенствено купување и редоследот на остварување на првенство;
13. начин, време и место на запишување на хартии од вредност;
14. начин и крајниот рок на уплата на запишаните хартии од вредност;
15. начин на кој се објавува издавањето на хартии од вредност (проспект за јавна понуда или соопштение за приватна понуда);
16. постапка за распределба на хартиите од вредност;
17. дали се прифаќаат уписи над вредноста на емисијата и како се распоредуваат во случај на јавна понуда;
18. идентитет на познатите купувачи при приватна понуда на хартии од вредност (за домашни физички лица: име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот, број на лична карта и датум на издавање и датум на важност на лична карта, како и орган кој ја издал; за странски физички лица: име, државјанство и број на патна исправа за странско лице, и датум на издавање и датум на важност на патната исправа, како и орган кој ја издал; за сите правни лица: име, адреса и регистрирано седиште), како и обликот и висината на нивните вложувања;
19. праг на успешност во случај на јавна понуда односно процентот на запишување и уплата на хартии од вредност за јавната понуда да се смета за успешна;
20. начинот и рокот за враќање на вложените средства на инвеститорите кога јавната понуда е неуспешна;

(2) Актот за издавање на сопственички хартии од вредност, покрај наведените елементи може да содржи и други елементи, во зависност од видот и од класата на хартиите од вредност што се издаваат.

10. e drejta e votës;
11. mënyra e pagesës së divdendit;
12. e drejta e përparsisë së blerjes dhe renditja e realizimit të përparsisë;
13. mënyra, koha dhe vendi i nënshkrimit i letrave me vlerë;
14. mënyra dhe afati përfundimtar për pagesë të letrave me vlerë të nënshkruara;
15. mënyra në të cilën publikohet emetimi i letrave me vlerë (prospekt për ofertë publike ose kumtesë për ofertë private);
16. procedurë për ndarjen e letrave me vlerë;
17. se a pranohen regjistrime mbi vlerën e emetimit dhe si sistemohen në rast të një oferte publike;
18. identiteti i blerësve të njohur gjatë një oferte private të letrave me vlerë (për persona fizik vendor: emri, adresa dhe numri i vetëm amë i qytetarit, numri i letërnjoftimit dhe data e lëshimit dhe data e vlefshmërisë së letërnjoftimit, si dhe organi i cili e ka lëshuar; për persona fizik të huaj: emri, shtetësia dhe numri i dokumentit të udhëtimit për person të huaj, dhe data e lëshimit dhe data e vlefshmërisë së dokumentit të udhëtimit, si dhe organi i cili e ka lëshuar; për të gjithë personat juridik: emri, adresa dhe selia e regjistruar), si dhe forma dhe lartësia e investimeve të tyre;
19. pragu i suksesit në rast të një oferte publike, respektivisht përqindja e nënshkrimit dhe pagesa e letrave me vlerë në mënyrë që oferta publike të konsiderohet e suksesshme;
20. mënyra dhe afati për kthimin e mjeteve të investuara të investitorëve kur oferta publike është e pasuksesshme;

(2) Akti i emetimit të letrave pronësie me vlerë, krahas elementeve të theksuara, mund të përmbajë edhe elemente të tjera, varësisht nga lloji dhe nga klasa e letrave me vlerë që emetohen.

## II. АКТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛЖНИЧКИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

### Содржина на актот за издавање на должнички хартии од вредност

### Член 6

(1) Актот за издавање на должнички хартии до вредност покрај податоците од член 4 став 2 од овој Правилник ги содржи и следните податоци:

1. назив и седиштето на издавачот, матичен број, правен облик;
2. начин на издавање на хартии од вредност (јавна понуда или приватна понуда);
3. видот на должничките хартии од вредност што се издаваат и правата што произлегуваат од нив;
4. количина и апоенска структура на хартиите од вредност;
5. номинална вредност на хартиите од вредност;
6. продажна цена на хартиите од вредност;
7. вкупна вредност на емисијата;
8. целта поради која се издаваат хартиите од вредност и намена на средствата од емисијата;
9. назив и податоци за гарантот, доколку емисијата има гарант;
10. серија на хартиите од вредност;
11. висина на каматна стапка, начин на пресметување и исплата на истата;
12. роковите на исплата на номиналната вредност на обврзницата (доспевање) и каматата;
13. висина на основната главнина на издавачот и процентот на учество на емисијата на должнички хартии од вредност во основната главнина и во главнината;
14. извори на средства од каде што ќе бидат отплаќани должничките хартии од вредност;

## II. AKTI I EMETIMIT TË LETRAVE ME VLERË TË BORXHIT

### Përmbajtja e aktit të emetimit të letrave me vlerë të borxhit

### Neni 6

(1) Akti i emetimit të letrave me vlerë të borxhit, krahas të dhënave nga neni 4 paragrafi 2 kësaj Rregulloreje, i përmban edhe të dhënat në vijim:

1. emërtimi dhe selia e emetuesit, numri amë, forma juridike;
2. mënyra e emetimit të letrave me vlerë (ofertë publike ose private);
3. lloji letrave me vlerë të borxhit të cilat emetohen dhe të drejtat të cilat rrjedhin nga të njëjtat;
4. sasia dhe struktura nominale e letrave me vlerë;
5. vlera nominale e letrave me vlerë;
6. çmimi i shitjes i letrave me vlerë;
7. vlera totale e emetimi;
8. qëllimi për të cilin emetohen letrat me vlerë dhe qëllimi i mjeteve të emetimit;
9. emërtimi dhe të dhënat për garantin, përderisa emetuesi ka garant;
10. seria e letrave me vlerë;
11. lartësia e normës së interesit, mënyra e përllogaritjes dhe pagesa e së njëjtës;
12. afatet për pagesë të vlerës nominale të obligacionit (maturimi) dhe interesi;
13. lartësia e principalit themelor të emetuesit dhe përqindja e pjesëmarrjes së emetimit të letrave me vlerë të borxhit në principalin themelor dhe në principalin;
14. burime të mjeteve nga ku do pagohen letrat me vlerë të borxhit;

15. правната положба односно субординираноста на хартијата од вредност (на пример видот на обврската, положбата во смисла на редоследот во исплатата во однос на други сегашни и идни обврски на издавачот, итн.);

16. ограничувања кои ги носат хартиите од вредност, а кои служат за заштита на идните купувачи на хартии од вредност;
17. начин, време и место на запишување на хартиите од вредност;
18. начин и краен рок на уплата на запишаните хартии од вредност;
19. начин на кој се објавува издавањето на хартиите од вредност (проспект за јавна понуда или соопштение за приватна понуда);
20. постапка за распределба на хартиите од вредност;
21. дали се прифаќаат уписи над вредноста на емисијата и како се распоределуваат во случај на јавна понуда;
22. идентитет на познатите купувачи при приватна понуда на хартии од вредност (за домашни физички лица: име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот, број на лична карта и датум на издавање и датум на важност на лична карта, како и орган кој ја издал; за странски физички лица: име, државјанство и број на патна исправа за странско лице, и датум на издавање и датум на важност на патната исправа, како и орган кој ја издал; за сите правни лица: име, адреса и регистрирано седиште), како и обликот и висината на нивните вложувања;

15. pozita juridike, respektivisht nënrenditja e letrës me vlerë (për shembull lloji i detyrimit, pozita në kuptim të renditjes në pagesë në raport me detyrime të tjera të tashme dhe të ardhshme të emetuesit, etj.);

16. kufizimet të cilat i sjellin letrat me vlerë, të cilat shërbejnë për mbrojtjen e blerësve të ardhshëm të letrave me vlerë;
17. mënyra, koha dhe vendi i nënshkrimit të letrave me vlerë;
18. mënyra dhe afati përfundimtar për pagesë të letrave me vlerë të nënshkruara;
19. mënyra në të cilën publikohet emetimi i letrave me vlerë (prospekt për ofertë publike ose kumtesë për ofertë private);
20. procedurë për ndarjen e letrave me vlerë;
21. se a pranohen regjistrime mbi vlerën e emetimit dhe si sistemohen në rast të një oferte publike;
22. identiteti i blerësve të njohur gjatë një oferte private të letrave me vlerë (për persona fizik vendor: emri, adresa dhe numri i vetëm amë i qytetarit, numri i letërnjoftimit dhe data e lëshimit dhe data e vlefshmërisë së letërnjoftimit, si dhe organi i cili e ka lëshuar; për persona fizik të huaj: emri, shtetësia dhe numri i dokumentit të udhëtimit për person të huaj, dhe data e lëshimit dhe data e vlefshmërisë së dokumentit të udhëtimit, si dhe organi i cili e ka lëshuar; për të gjithë personat juridik: emri, adresa dhe selia e regjistruar), si dhe forma dhe lartësia e investimeve të tyre;

23. преносливост на хартијата од вредност;

24. праг на успешност во случај на јавна понуда односно процентот на запишување и уплата на хартии од вредност за јавната понуда да се смета за успешна;
25. начинот и рокот за враќање на вложените средства на инвеститорите кога јавната понуда е неуспешна и
26. други информации во врска со емисијата на хартии од вредност.

(2) Податоци за можноста за замена со други хартии од вредност, односно можност за претворање во други хартии од вредност. Доколку се издаваат конвертибилни должнички хартии од вредност, со актот за нивно издавање треба да се одреди и типот на хартиите од вредност во кои се конвертираат, како и начинот , условите и процедурите за конверзијата.

(3) Актот за издавање на должничките хартии од вредност, покрај наведените елементи може да содржи и други елементи, во зависност од видот на хартиите од вредност што се издаваат.

**Член 7**

(1) Со денот на отпочнување на примената на овој Правилник престанува да важи Правилник за формата и содржината на актот за издавање на хартии од вредност по видови на хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ број 122/2006, број 81/2014 и број 192/2019).

23. transferueshmëria e letrës me vlerë;

24. pragu i suksesshmërisë në rast të një oferte publike, respektivisht përqindja e nënshkrimit dhe pagesa e letrave me vlerë në mënyrë që oferta publike të konsiderohet e suksesshme;
25. mënyra dhe afati për kthimin e mjeteve të investuara të investitorëve kur oferta publike është e passuksesshme dhe
26. nformacione të tjera në lidhje me emetimin e letrave me vlerë.

(2) Të dhëna për mundësinë për zëvendësim me letra me vlerë të tjera, respektivisht mundësia për transformim në letra me vlerë të tjera. Përderisa emetohen letra me vlerë të konvertueshme të borxhit, me aktin e emetimit të tyre duhet të përcaktohet edhe tipi i letrave me vlerë në të cilat konvertohen, si dhe mënyra, kushtet dhe procedurat për konvertim.

(3) Akti i emetimit të letrave me vlerë të borxhit, krahas elementeve të theksuara, mund të përmbajë edhe elemente të tjera, varësisht nga lloji dhe nga klasa e letrave me vlerë që emetohen.

**Neni 7**

(3) Me ditën e fillimit të zbatimit të kësaj Rregulloreje, shfuqizohet Rregullorja për formën dhe përmbajtjen e aktit për emetim të letrave me vlerë sipas llojeve të letrave me vlerë (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 122/2006, numër 81/2014 dhe numër 192/2019).

(2) Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од денот на почнување на примена на Законот за проспекти и обврски за транспарентност за издавачите на хартии од вредност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/2024).

(4) Kjo Rregullore hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut”, ndërsa do fillojë të zbatohet nga dita e fillimit të zbatimit të Ligjit mbi Prospektin dhe Detyrimet për Transparencë të Emetuesve të Letrave me Vlerë (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr.64/2024).

**Бр. Nr. 01-617/1**
**Скопје/Shkup 04.10.2024**

**Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија**
**Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut**
**Претседател/Kryetar**
**Mr.Sc. Nora Aliti**

Nora Aliti Digitally signed by Nora Aliti
Date: 2024.10.04 11:09:50
+02'00'

KHV na RSM Digitally signed by KHV na RSM
Date: 2024.10.04 11:10:04
+02'00'